**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-5/24**
**18.03.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упаството за спроведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 14.03.2024 година, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење “ ул:„ ..., Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 18.03.2024 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење “ Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 14.03.2024 година, поднесе Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење “ Скопје, со кое побара:

1. Вкупен број на вработени во судот по категорија односно звање.

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција, **утврди дека во Основен суд Куманово, се вработени 112 лица, од кои 104 се судски службеници, а 8 лица се вработени согласно Закон за работни односи:**

- Судски Администратор - 1 еден
- Раководител на одделение - 1 еден
- Судски советник - 6 шест
- Виш судски соработник - 2 два
- Судски соработник - 4 четири
- Соработник преведувач - 1 еден
- Помлад судски соработник - 15 петнаесет
- Помлад соработник - преведувач - 2 два
- Помлад соработник - корпора - 1 еден
- Самостоен судски референт - 10 десет
- Виш судски референт - 9 девет
- Судски референт -дактилограф - 27 дваесет и седум
- Помлад судски референт - доставувач - 8 осум
- Помлад судски референт - архивар - 1 еден

- Помлад судски референт - помошник архивар - 1 еден
- Помлад судски референт извршител во писарница - 7 седум
- Командир на судска полиција - 1 еден
- Припадник на судска полиција - 8 осум
- Хаус Мајстор - 1 еден
- Возач - 2 два
- Хигиеничар - 3 три
- Курир - 2 два

Основен суд Куманово, СПИ -5/24 од 18.03.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана Максимовска